АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-242/4
03.11. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015 и 31/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019 и бр.150/2021),Комисијата како орган на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 03.11.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

# ЗА ИЗМЕНА НА ФИНАНСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2021 ГОДИНА

## Член 1

**СЕ ВРШИ ИЗМЕНА** на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година.

## Член 2

Со измената на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година се врши пренамена на средства од расходните ставки кај кои се јавуваат повеќе планирани средства, во корист на расходните ставки кај кои планираните средства не ги покриваат трошоците потребни за редовното работење на Агенцијата.

Со пренамената на средства од ставот 1 на овој член, не се менува износот на вкупните приходи и расходи во Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година.

## Член 3

Измената на Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2021 година се врши на начин што се пренаменуваат средства од следниве расходни ставки

| *Расходна ставка* | *Назив на расходна ставка* | *Планиран износ (денари)* | *Пренамена (денари)* | *Состојба после измената (денари)* |
|---|---|---|---|---|
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 36.000,00 | -11.000,00 | 25.000,00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 36.000,00 | -13.000,00 | 23.000,00 |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 220.000,00 | -60.000,00 | 160.000,00 |
| 40102 | Електрична енергија | 140.000,00 | -25.000,00 | 115.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | **-109.000,00** | |

Износот од 109.000,00 денари добиен од намалувањето на планираниот износ на расходните ставки 40310 – Поправка и одржување на компјутерска опрема, 40315 – Поправка и одржување на останата опрема, 40501 – Издатоци за репрезентација и 40102 – Електрична енергија ќе се пренамени за зголемување на планираниот износ на следните расходни ставки:

| *Расходна ставка* | *Назив на расходна ставка* | *Планиран износ (денари)* | *Пренамена (денари)* | *Состојба после измената (денари)* |
|---|---|---|---|---|
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 36.000,00 | 24.000,00 | 60.000,00 |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 230.000,00 | 60.000,00 | 290.000,00 |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 290.000,00 | 25.000,00 | 315.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | **102.000,00** | |

**Член 4**

Финансискиот план за 2021 година кој се менува со оваа одлука е составен дел од Годишната програма за работа усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата за пошти со Одлука бр. 02-256/9 од 20.11.2020 година и одобрена од Собранието на Република Северна Македонија со Одлука број 08-1343/1 од 03.03.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.52/2021).

**Член 5**

Изменетиот Финансиски план за 2021 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука е конечна и влегува во сила на денот на донесувањето.

Бр. 02-242/4

Скопје, 03.11.2021 година

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

Комисија

Борче Груевски, претседател